09-955/9
29-07-2025

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на 20 -тата седница одржана на 04.07.2025 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

Постапката по предметот бр.09-955/1 од 28.02.2025 година, **СЕ ЗАПИРА** поради тоа што нема постапување спротивно на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со бр.09-955/1 од 28.02.2025 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 09-955/1 од 28.02.2025 година е оформен врз основа на пријава доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од непознат подносител. Во пријавата поднесена против директорот на СОУ „------------" - ------------- се изнесени наводи дека на седницата на Наставничкиот совет при СОУ „------------" - ------------- одржана на 18.02.2025 година, под влијание на директорката ---------------- член на училишниот одбор е изгласан помошник директорот на истото училиште што е спротивно на член 121 и член 114 од Статутот.

По повод пријавата беше извршена поверка во административната алатка на ДКСК на поднесени Изјави за имотна состојба и интереси, при што е констатирано дека службеното лице ------------ во законскиот рок од 30 дена од денот на именувањето на функцијата директор на СОУ „------------" - ------------- со Одлука бр. 0901 – 140/3 од

05.04.2023 година на Градоначалникот на општина ------------, нема поднесено изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата што е спротивно на член 82 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и претставува прекршок казнив по член 109 став (1) алинеја 1 од истиот закон, за што е изготвен Записник за констатиран прекршок бр. 09-955/3 од 21.03.2025 година и издаден е Прекршочен платен налог бр. 09-955/4 од 21.03.2025 година за службеното лице. Од страна на службеното лице ----------------- е извршена уплата на глобата во износ од 9250,00 денари за што истата има доставено доказ до ДКСК.

Државната комисија со цел за утврдување на фактичката состојба испрати допис до ----------------------, со барање да се доставаат Статутот на училиштето, податоци за составот на Училишниот одбор, како и податоци за помошник директорот на училиштето, односно актот за негово именување / разрешување.

Од страна на училиштето е доставена побараната документација и тоа Статутот на ------------------ со сите измени и дополнувања, актите за именување на членови на училишниот одбор меѓу кои и актите за именување на помошник директорот на училиштето за лицето ------------- ( одлука за именување на помошник директор за настава ( стручно образование ) и одлука за именување на помошник директор за настава за лицето -------------- ( гимназиско образование).

До Државната комисија службеното лице ---------------- директор СОУ „------------" - ------------- достави Барање за мислење бр. 09-1021 од 11.03.2025 година, со кое побара мислење за тоа дали постои забрана, помошник директорот на СОУ „------------" - -------------, кој на предлог на директорот се именува од страна на Училишен одбор, по негово именување може да биде избран за член на Училишниот одбор од страна на наставничкиот совет. Од страна на ДКСК доставено е Мислење бр. 09-1021/2 од 17.03.2025 година до училиштето со кое ги информира дека во конкретната ситуација, се работи за службено лице, вработено во СОУ „------------" - ------------- и назначено како помошник директор, кое ќе го заменува директорот во негово отсуство. Од друга страна истото лице како член на училишниот одбор на ова училиште, заедно со другите членови, ќе донесува одлуки кои директорот треба да ги извршува. Исто така, директорот на општинско училиште поднесува извештај за материјалното работење на училиштето во текот на учебната година до училишниот одбор, што значи членот на Училишниот одбор кој воедно е и помошник директор ќе врши надзор на работата на директорот, па од тие причини службено лице не треба во исто време да биде назначено за помошник директор на СОУ „------------" - ------------ и за член на Училишниот одбор на истото училиште.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

При увидот од доставената документација ДКСК, констатираше дека лицето ------------ е именуван за помошник директор за настава ( стручно образование) со Одлука бр. 02-489/8 од 31.08.2022 година по даден предлог од В.Д директор ---------------. Понатаму, -------------, наставник по земјоделски предмети ( стручни предмети во земјоделско – ветеринарна струка ) е именуван за член Училишниот одбор во СОУ „------------" - ------------- по предлог на Наставничкиот совет, со Одлука бр. 02-165/7 од 18.02.2025 година. По доставеното Мислење 09-1021/2 од 17.03.2025 година од страна на ДКСК, според кое службено лице не треба во исто време да биде назначено за помошник директор и за член на Училишниот одбор во истото училиште, од страна на Наставничкиот совет раководен од Директорот е донесена Одлука за разрешување бр.02-257/2 од 25.03.2025 година со која лицето -------------- е разрешен функцијата член на Училишниот одбор во СОУ „------------" - -------------.

Имајќи предвид дека во конкретниот случај по побараното и добиено мислење од ДКСК се преземени потребни мерки со кои состојбата е надмината така што повеќе не постои постапување спротивно на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК одлучи како во диспозитивот на одлуката и ја запре постапката.

Заменик претседател

м-р Билјана Каракашова Шулев

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: м-р Б.К – виш соработник
Контролирал: К.З. – раководител
Одобрил: С.С.М., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk